РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-2942/3
30.12.2022 год.
ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесено под број 09-2942 од 2022, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) го донесува следното :

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Д4.3- Озеленети простори за гробишта, гробишта на КП 1004, КП 1005, КП 1011, КП 1012, КП 1013 и дел од КП 1016, КО Ќојлија - Општина Петровец иницирана од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

Образложение

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Д4.3- Озеленети простори за гробишта, гробишта на КП 1004, КП 1005, КП 1011, КП 1012, КП 1013 и дел од КП 1016, КО Ќојлија - Општина Петровец, од инвеститор Општина Петровец.
Со барањето ја приложи следната документација

1. Барање за одобрување,
2. Полномошно,
3. Предлог Планска програма,
4. Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Петровец за 2022 година и 2023 година,
5. Решение и Услови за планирање на простор.

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение од Градоначалник бр. 09-519/1 од 28.02.2022 година, по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-2942/3 од 29.12.2022 година за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Д4.3- Озеленети простори за гробишта, гробишта на КП 1004, КП 1005, КП 1011, КП 1012, КП 1013 и дел од КП 1016, КО Ќојлија - Општина Петровец од изработена од планер Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, со уплата од 200 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа
Л. Величковиќ

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс